## SAMSUNG INSTINCT



Компанијата "Samsung" подготвува моќен телефон, кој потсетува на iPhone.

Samsung Instinct поседува 3,1-инчен сензорен дисплеј, со резолуција од 240 x 432 пиксели. Камерата му е 2Mp, поседува и Bluetooth, microSD слот и GPS (што ви овозможува телефонот да го користите и како GPS навигатор). Димензиите му се 116,1 x 55,1 x 12,4 мм, а тежи 127,6 г. Телефонот ќе го поддржува стандардот EV-DO Rev, а може да работи и со музичката онлајн продавница "Sprint Music Store", овозможувајќи снимање песни во телефонот по цена од 99 центи. Сè уште не се знае колку ќе чини Samsung Instinct.



Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## SHARP UMPC



"Sharp" заедно со компанијата "Willcom" претставија интересна UMPC направа врз основа на платформата Intel Centrino Atom. Комуникаторот поседува QWERTY клавијатура, има огромен сензорен 5-инчен дисплеј со LED светло (резолуција од 1.024 x 600 пиксели), 40GB хард диск, 1GB рам меморија и 2Mp камера. Од средствата за примање и за испраќање податоци поседува Bluetooth 2,0 +EDR и WiFi b/g. Апаратот работи на оперативниот систем Windows Vista Home Premium, наместо првичниот Windows XP. Sharp WSO16SH тежи 470 грама, а димензиите му се 84 x 188 x 25,9 мм.



